**20191371983**

**РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА И ВОДНИ УСЛУГИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

☐Врз основа на член 24, став (1), точка 1), алинеја 10 од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19), Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија на седницата одржана на ден 28 јуни 2019 година донесе

**ПРАВИЛАЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛАТА ЗА ПАЗАР НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА**

Член 1

Во Правилата за пазар на електрична енергија („Службен весник на Република Македонија“ бр.38/14, 42/14, 57/14, 194/14, 190/16, 80/17, 172/17, 197/17, 115/18, 241/18 и 65/19), членот 135 се менува и гласи:

„Член 135

Во периодот од 1 јули 2019 година заклучно со 31 декември 2019 година, ОПЕЕ е должен, по претходно добивање на податоци од ОЕПС и ОДС, да врши пресметка на надоместокот за отстапувањата и истите да ги доставува до балансно одговорните страни. “

Член 2

Прилог 3, Методологија за пресметка на активирана балансна енергија и Прилог 4, Методологија за пресметка на порамнување на отстапувања на балансно одговорните страни, се бришат.

Член 3

Овие Правила за изменување и дополнување на Правилата за пазар на електрична енергија влегуваат во сила со денот на донесување, а се објавуваат во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 01-2476/1
28 јуни 2019 година
Скопје

Претседател,
**Марко Бислимоски,** с.р.